РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Агенција за поддршка на претприемнишвото на Република Северна Македонија

# У П А Т С Т В О

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИЗИРАНИ МЕНТОРСКИ УСЛУГИ

**во 2023 година**

## 1 ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

Со ова Упатство се уредува постапката за спроведување на стандардизирани менторски услуги, во рамки на Програмата за работа на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија - АППРСМ, наменети за мали и средни претпријатија во 2023 година. Истата се спроведува преку овластени ментори, кои работно се ангажирани во рамките на Регионалните Центри за развој на МСП, а се дел од Институционалната мрежа за поддршка на претприемништвото и МСП.

Стандардизираните менторски услуги наменети за горе наведените претпријатија, имаат за цел поддршка и несметан развој на истите, како и намалување на бројот на неуспешните деловните субјекти, преку обезбедување на сеопфатна и навремена поддршка.

Менторските услуги се сеопфатен и релативно долг процес на поддршка за претпријатијата во клучен момент за развој или опстанок. Тие претставуваат заедничка работа на менторот и претпријатието со цел да се надмине моменталната ситуација и да се најдат најповолни решенија за идниот раст и развој. Преку овој пристап, претпријатието добива рамномерна и соодветно временски распоредена поддршка, со цел да се постигнат најдобри можни резултати. Јапонското искуство во менторството покажа дека ефектите од овој вид консултации/ советувања се далеку позначајни ако се изведуваат во повремени и краткорочни сесии.

Процесот на менторирање се одвива според методологијата која е развиена во соработка со Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) и јапонскиот модел на менторство. Методологијата одредува чекори во процесот на менторирање кои стручно лице – *Овластен Ментор* спроведува одреден број на часови (25 часа за почетни и 50 часа за зрели претпријатија-корисници), од кои 75% во просториите на претпријатието, односно во директна соработка со сопственикот и/или правниот застапник/менаџментот на субјектот.

Менторот и менторираниот деловен субјект заеднички го разгледуваат тековното работење, ги откриваат причините за актуелните состојби и пречки за развој, ги одредуваат пункотовите на потенцијалот за раст и врз основа на идентификуваната состојба го подготвуваат планот за развој, односно Акцискиот план.

***Акцискиот план треба да преставува документ каде менторот и клиентот заеднички ги дефинираат и наведуваат практичните активности за подобрување, односно претставува Оперативен план за реализација на клучната цел. Имплементацијата се спроведува од страна на клиентот со поддршка на менторот, кој му помага и го поттикнува да превземе одредени чекори, согласно упатство за спроведување на стандардизираниот процес на менторство.***

Методологијата на стандардизирани менторски услуги јасно ги дефинира сите чекори и активности во спроведувањето на услугата (управувањето, теренската работа, бројот на посети, активности во контекст на секоја посета, часовите распределени за подготовка на планови и известување) преку прирачници Прирачник за општо разбирање на менторството, Прирачник за менторство на зрели претпријатија, Прирачник за менторство на ново-основани претпријатија, како и Упатството за менторство (второ издание).

**Менторството е збир од следниве услуги:**

• Дијагностицирање, за да се разбере моменталната состојба во која се наоѓа претпријатието.

• Помош при подготовка на развојни активности/планови/проекти со цел да се постигнат целите на деловниот субјект;

• Консултации/советувања и координација за пристап до финансиски средства, нови технологии, консултантски услуги и сл., со цел да се поттикне развојот и унапредувањето на работењето;

• Помош за подготовка на кредитни барања кај деловните банки како и останатите достапни програми за поддршка за МСП;

• Помош при изнаоѓање деловни партнери;

• Помош при добивањето на потребните информации;

• Обуки;

• Упатување кај соодветни специјализирани консултанти и донаторски програми.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пријави во две категории:

- ***Ново - основани претпријатија*** - не постари од 3 години од денот на објавувањето на Јавниот повик;
- ***Постојни претпријатија (зрели)***- регистрирани пред февруари 2020 година;

## 2 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1 Општа цел / цели

Целта на обезбедување на стандардизирани менторски услуги е да се поддржи непречениот развој и намалување на бројот на неуспешни деловните субјекти, преку обезбедување на сеопфатна и навремена поддршка на корисниците.

### 2.2 Специфични цели / цел и очекувани резултати

| СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ | РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|
| **1. Подобрување на работењето на деловните субјекти кои влијаат на деловниот резултат** | 1.1. Зголемен приход кај менторски корисници<br>1.2. Лесен пристап до пазарите<br>1.3. Намалување на бројот на неуспешни бизниси |
| **2. Воспоставен систем на поврзување на МСП со специјализирани даватели на услуги** | 2.1. Зголемен број на специјализирани услуги што се користат |
| **3. Информирање на МСП за програмите за поддршка обезбедени од државните институции и донаторски проекти** | 3.1. Зголемен број на апликации за јавни повици за поддршка на МСП |

## 3 ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Стандардизираните менторски услуги треба да се реализираат од **07 Април – 30 Септември 2023 година**.

## 4 УСЛОВИ КОИ МОРА ДА ГИ ИСПОЛНАТ ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Правото на учество во јавен повик за обезбедување стандардизирани менторски услуги имаат:

1. Мали и средни претпријатија, кои ги исполнуваат следниве услови:

• регистрирани се на територијата на Република Северна Македонија со доминантно домашен капитал;

• ги подмириле сите јавни давачки (даноци и придонеси)

• не вршат деловна активност во рамките на воената индустрија и не организираат игри на среќа / лотарија.

АППРСМ ќе ја отфрли секоја пријава доколку при оценувањето, изборот или склучувањето на Договорот утврди дека Подносителот:

- поднел некомплетна пријава
- не ги содржи бараните документи, кои се предуслов за учество на Јавниот повик

## 5. ПРОЦЕДУРА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

АППРСМ воведува правила за спроведување на стандардизирани менторски услуги, во рамките на кои ќе се воспостават критериуми, обрасци, придружни документи и механизми за мониторинг и контрола на услугата.

АППРСМ склучува Договор со надлежните Регионални Центри за реализација на менторски услуги во ново основани и постојни (зрели) претпријатија.

АППРСМ објавува Јавен повик до МСП за учество во шемата на стандардизирани менторски услуги, кој трае до **31 Март 2023 година**. Јавниот повик содржи основни информации за обезбедување на стандардизирани менторски услуги, услови за поднесување на Пријавата, место на поднесување на Пријавата и други релевантни информации.

Пријавите со целата придружна документација се доставуваат до Регионалните Центри. Потенцијалните клиенти добиваат административна поддршка, ја подготвуваат Пријавата и придружните документи со помош на ментор/ментори и ја предаваат Пријавата со придружната документација во надлежниот Реионален Центар најдоцна до **15:00 часот на 31 Март 2023 година**. Надлежниот ментор/ментори вршат обработка на пристигнатите пријави.

Со ова Упатство се дефинира бројот на менторските часови по корисник, односно:

- бројот на менторски часови по корисник се дефинира: 25 часови за почетно претпријатие - 50 часови за постојно претпријатие;

- за подносителите на пријава кои имаат еден или двајца вработени, како и оние кои се ангажирани во услужни дејности (фризерски и козметички салони, бутици, автомеханичарски сервиси, сервиси за чистење, шпедиции, сметководствени бироа, вулканизерски сервиси, киосци за дистрибуција на храна, итн.), се препорачуваат 25 часа.

- **при распределба на максималниот број на часови за менторство треба да се даде приоритет на потенцијални корисници** со иновативни производи и услуги или применуваат напредни или дигитални методи во работењето:

Надлежните Регионални Центри ги доставуваат сите Пријави со придружната документација до АППРСМ, во рок **од 5 дена од денот** на затворањето на објавениот Јавен повик, односно до **05 април (среда) до 15 часот 2023 година.**

***Комисија за евалуација*** формира директорот на АППРСМ. Комисијата ги разгледува пристигнатите пријави поднесени од Регионалните Центри, врши контрола на точноста на доставената документација и подготвува предлог-одлука за конечниот избор на корисници. При постапката, Комисијата за евалуација може да побара дополнителни информации и документација.

Комисијата за евалуација предлага, а Директорот на АППРМ донесува Одлука во врска со резултатите од Јавниот повик и истите ги доставува до Регионалните Центри, кои во писмена форма ги известуваат сите пријавени претпријатија за донесената одлуката.

Регионалниот Центар склучува Договор за регулирање на меѓусебните односи со секој од избраните корисници на стандардизираните менторски услуги.

## 6. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

### 6.1 Документација што треба да се достави

Документација која задолжително мора да се поднесе при пријавување на Јавниот повик:

***1. За ново-основаните претпријатија, не постари од 3 години од денот на објавувањето на јавниот повик, како и за постојни претпријатија (зрели), кои се регистрирани пред февруари 2020:***

- Пополнета Пријава – Образец 1;
- Извод од регистрацијата на претпријатието (копија)
- Биланс на состојба и Биланс на успех за 2022 година (копија)

## 7. Место и рок за доставување на документација

Пријавите со сите придружната документација се доставуваат лично или препорачано до соодветните Регионалните Центри наведени подоле, со забелешка: **Барање за јавен повик за добивање менторски услуги**

**Регионален Центар Скопје**
**Фондација за развој на мали и средни претпремништва**
ул. Партизански Одреди 17, влез 3 (мезанин), 1000 Скопје
е-пошта:recs@recs.org.мк
**Лица за контакт:**
Светлана Киревска svetlanakirevska@gmail.com 070 720 580
Евгенија Лисичова e.lisichova@gmail.com 071 530 548
Ленче Јачева, jemisdooel@gmail.com; 078 441 910
Драган Костиќ, d.kostic65@gmail.com; 075 281 040

**Регионален Центар Велес**
**Фондација за поддршка на мали и средни претпријатија**
ул. Димитар Вахов 27, 1400 Велес
е-пошта:rcve@t.mk
**Лица за контакт:**
Анита Самарџиева rcve@t.mk 075 326 667
Зоран Велковски, zoran.velkovski@gmail.com, 070 380 145
Самоил Малчески, samoil.malcheski@gmail.com; 070 317 336

| | |
|---|---|
| **Регионален Центар Битола**<br>**Фондација за развој на претприемништво регионална и прекугранична соработка**<br>Бул. 1 Мај бб, 7000 Битола<br>е-пошта: rcbt@t.mk<br>**Лица за контакт**:<br>Никола Димковски regiobt.mk@gmail.com070 997 084<br>Милена Димковска milena.p.mkd@gmail.com071 464 950<br>Предраг Стојкоски, predrag@solutions.mk, 077 681 579<br>Гоце Маркоски, goce.markoski@uklo.edu.mk, 071 360 613<br>Горан Попоски, gpoposki64@gmail.com, 070 353 885 | **Регионален Центар Струмица**<br>**Фондација за развој на мали и средни претпријатија**<br>ул. 11 Октомври бб, 2400 Струмица<br>е-пошта: rcsr@t.mk<br>**Лица за контакт**:<br>Марија Ташева rcsr@t.mk 071 201 068<br>Васка Костадинова vaska_taseva@yahoo.com 078 806 150<br>Верица Чорев verica.chorev@yahoo.com 077 983 943<br>Марија Самараков, marija.samarakov@gmail.com, 078 760 469 |
| **Регионален Центар Куманово**<br>**Фондација за развој на мали и средни претпријатија**<br>ул. Илинденска бб, 3 кат,(поранешен Комитет) 1300 Куманово<br>е-пошта: razvojku@mt.net.mk<br>**Лица за контакт:**<br>Игор Георгиев – eurokiwi@t.mk 075 651 790<br>Сашо Велковски –sasovelkovskisv@gmail.com 071 208 977<br>Јован Стоименовски,- jovan.stoimenovski@gmail.com; 070 380 830 | **ЕСА Тетово**<br>**Фондација за поддршка на претпријатија**<br>Илинденска бб (Блок 87/13, локал 2), 1220 Тетово<br>е-пошта: esate@t.mk<br>**Лица за контакт**:<br>Неби Јусуфи, esate@t.mk 070 329 256<br>Салајдин Идризи - esate@t.mk 070 224 005<br>Леарта Јусуфи, learta.jusufi@gmail.com, 070 710 040 |
| **ЕСА Охрид**<br>**Фондација за поддршка на претпријатија**<br>Булевар Туристичка бб (п.фах 129), 6000 Охрид<br>е-пошта: esaoh@t.mk<br>**Лица за контакт**:<br>Мимоза Поповска mpm_ds@t.mk 070 391 664<br>Тони Цветаноски tcvetanoski21@gmail.com 076 437 545 | |

**Јавниот повик е отворен до 31 Март 2023 година, до 15 часот.**

Подетални информации можете да добиете во горе наведените Регионални Центри или во АППРСМ на електронска адреса: mentoring@apprm.gov.mk како и на интернет страната на АППРМ: www.apprm.gov.mk

или

На телефонските броеви: Маја Тасева - 075 444 092 и Елеонора Божиновска - 075 204 371 и Никола Станковски 072 912 679

## 8. Други информации

Јавниот повик, Упатството и сите други пропратни документи се достапни на интернет страницата на АППРСМ www.apprm.gov.mk, како и во печатена форма во надлежните Регионалните Центри.

## 9. ОЦЕНУВАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА

### 9.1 Проверка на формалната валидност на поднесените пријави

*Поднесената Пријава мора да биде навремена, комплетна и дозволена.*

Во текот на отворањето и административните проверки, надлежниот ментор ќе провери дали се исполнети сите критериуми утврдени во Јавниот повик и Упатството. По обработката на пристигнатите пријави од страна на менторот, директор на Регионалниот Центар (на Образец 2 – Предселекција на кандидат, дел од потребната документација) со неговиот потпис потврдува:

1. Листа на потенцијални корисници на менторските услуги и

2. Образложение зошто, по проверка на исполнувањето на формалните услови на пријавата, барателот не може да добие препорака за користење на менторската услуга.

Комисијата за евалуација, формирана од страна на директорот на АППРСМ, во процесот на селекција на поднесените пријави и избор на корисникот на менторските услуги, со оглед на поднесените листи на потенцијални корисници на услугата поднесени од Регионалниот Центар, врши контрола на точноста на доставената документација и утврдува дали пријавите се навремени, целосни и дозволени.

### 9.2 Евалуација на поднесените пријави

Целосните и дозволени пријави Комисијата за оценување ги оценува според следниве критериуми:

Категории:

1. **Ново-основани МСП:**

| **1. Вид на активност** | **Поени** |
|---|---|
| Трговија | 5 |
| Услуги | 10 |
| Производство | 20 |
| **Вкупно поени (1):** | **/ 20** |

Максималниот број поени е 20

| **2. Број на вработени** | **Поени** |
|---|---|
| 1 | 1 |
| 2-5 | 5 |
| > 5 | 10 |
| **Вкупно поени (2):** | **/ 10** |

Максималниот број поени е 10

| **3. Опис на очекувањата од менторските услуги** | **Поени** |
|---|---|
| Не е пополнет делот во Пријавата/Несоодветни очекувања од услугата | 0 |
| Не е целосно јасно конципиран описот на очекувањата од услугата | 5 |
| Целосно јасно конципиран описот на очекувањата од услугата | 10 |
| **Вкупен број бодови (3):** | **/ 10** |

Максималниот број поени е 10

| **Вкупно поени:** | **Поени** | |
|---|---|---|
| | **добиени** | **максимални** |
| 1. Вид на дејност | | 20 |
| 2. Број на вработени | | 10 |
| 3. Опис на очекувањата | | 10 |

| ВКУПНО: | | 40 |
|---|---|---|

**2. Постојни (зрели) МСП**

| 1. Вид на активност | Поени |
|---|---|
| Трговија | 5 |
| Услуги | 10 |
| Производство | 20 |
| **Вкупно поени (1):** | **/20** |

Максималниот број поени е 20.

**3. Број на вработени - Поени**

| 1. Број на вработени | Поени |
|---|---|
| 1-5 | 0 |
| 6-10 | 5 |
| >11 | 10 |
| **Вкупно поени (2): / 10** | **/10** |

Максималниот број поени е 10

| 3. Опис на очекувањата од менторските услуги | Поени |
|---|---|
| Не е пополнет делот во Пријавата/Несоодветни очекувања од услугата | 0 |
| Не е целосно јасно конципиран описот на очекувањата од услугата | 5 |
| Целосно јасно конципиран описот на очекувањата од услугата | 10 |
| **Вкупен број бодови (3):** | **/10** |

Максималниот број поени е 10

| Вкупно поени: | Поени | |
|---|---|---|
| | добиени | максимални |
| 1. Вид на дејност | | 20 |
| 2. Број на вработени | | 10 |
| 3. Опис на очекувањата | | 10 |
| **ВКУПНО:** | | **40** |

**9.3 Одлучување за резултатите од Јавниот повик**

Комисијата за евалуација врши конечна оценка и го подготвува предлогот на Одлуката до Директорот на АППРСМ. Директорот на АППРСМ ја донесува конечната одлука во врска со поднесените Пријави. АППРСМ ги доставува одлуките до Регионалните Центри, кои потоа ги известуваат сите пријавени кандидати во писмена форма во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Одлуката.

Регионалниот Центар склучува Договор за регулирање на меѓусебните односи со секој од избраните корисници на стандардизирани менторски услуги.

**9.4 Постапка за приговор**

Подносителите на Пријава имаат право да поднесат приговор на Одлуката на Директорот на АППРСМ. Приговорот се поднесува во рок од 5 дена од денот на приемот на известувањето. Директорот на АППРСМ ја свикува Комисија за евалуација и заедно оддлучуваат по жалбата, во рок од 15 работни дена од денот на приемот на жалбата.

**9.5 Склучување на договорот**

Договорот помеѓу Регионалниот Центар и Избраниот корисник ги одредува сите права и обврски при обезбедувањето на менторските услуги.

**9.6 Динамика на исплата на средствата кон Регионалниот Центар**

Плаќањето кон Регионалниот Центар за обезбедување на овие услуги се врши по целосно завршените услуги за менторство во претпријатијата, а по извршеното мониторинг во претпријатијата - корисници од страна на АППРСМ, доставената документација и верификација на конечните извештаи од страна на Комисијата за евалуација.

**9.7 Документација која се доставува по реализацијата на стандардизираните менторски услуги**

По извршувањето на стандардизираните менторски услуги за секој индивидуален корисник, менторите подготвуваат финален извештај во електронска и хартиена форма (Образец 4 – Извештај по извршена услуга од ментор), потпишана и заверена од страна на директорот на Регионалниот Центар. Кон Извештајот – Образец 4 е приложен и Образец 3 – Извештај за распоредот на посетите при обезбедувањето на менторската услуга кој го потпишува корисникот, како и користените алатки во процесот на реализација на менторските услуги.

Врз основ на доставените извештаи АППРСМ ги посетува клиентите и врши мониторинг и утврдување на квалитетот на испорачаните услуги. Извештаите се доставуваат до Комисијата за евалуација. Комисијата за евалуација го разгледува извештајот и дава предлог до директорот на АППРМ да ја одобри исплатата за извршените менторски услуги.